Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 832/2024

Дата....18-04-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Кичево се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена за изградба на новопланиран СН 10(20)kV кабелски вод во КО Вранештица, КО Челопеци, Општина Кичево.**

Должината за која се издаваат Условите за планирање на трасата изнесува 253,9 м'.

Трасата се граничи со опфат на издадени Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 200/1, КП 200/2 и КП 200/3, КО Челопеци, Општина Кочево, со тех.бр.Y49622 и издадено Решение со бр. УП1-15 2332/2022 од 29.12.2022 год.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Планскиот опфат се наоѓа во граници на плански опфат на "Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска" заради што е неопходно да се почитуваат планските определби од овој регионален просторен план.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y13824** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена за изградба на новопланиран СН 10(20)kV кабелски вод во КО Вранештица, КО Челопеци, Општина Кичево, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена за изградба на новопланиран СН 10(20)kV кабелски вод во КО Вранештица, КО Челопеци, Општина Кичево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Кичево, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 60186 од 05.03.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена за изградба на новопланиран СН 10(20)kV кабелски вод во КО Вранештица, КО Челопеци, Општина Кичево. Трасата започнува од КП 1712 во КО Челопеци се движи дел покрај постоечка асфалтирана улица и завршува со поврзување со постоен столб на КП 129 во КО Вранештица, Општина Кичево. Должината на трасата изнесува 253,9 м'.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена за изградба на новопланиран СН 10(20)kV кабелски вод во КО Вранештица, КО Челопеци, Општина Кичево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 832/2024 од 15.04.2024 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Условите за планирање на просторот **со намена за изградба на новопланиран СН 10(20)kV кабелски вод во КО Вранештица, КО Челопеци, Општина Кичево,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на регионот на слив на река Треска претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk